Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за одбивање на приговор**

1. Приговорот на Анча Стојковски од Кратово УП2 09-241/26 од 26 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_35_20260402_68 од 21.04.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_35_20260402_68 од 21.04.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Анча Стојковски од Кратово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-241/26 од 26 мај 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_35_20260402_68 од 21.04.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на објект.

Според Електродистрибуција – објектот не е евидентиран под листа В во имотниот лист. Во имотниот лист под листа В се заведени два помошни објекти (објект 2 и 3) со намена П-помошна просторија кои се во руинирана состојба. Објектите се на 2225 метри од ТС Пендаќ, пад на напон е околу 13%. Нема ДУП за тоа подрачје. Нема легализација или одобрение за градба за објектот. Има еден потенцијален барател кој е одбиен поради непостоење на технички услови (Драге Лазаревски, NCC_35_20260407_73 од 21.04.2026).

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-241/26 од 26 мај 2026 година со прилог:
- Приговор
- Изјава за согласност од сосопственик наведен во имотниот лист
- Имотен лист
- Извештај за пад на напон во мрежата – постоечка и новопредвидена состојба
- GIS скица

2. Дополнителни докази од ЕВН од 24 јуни 2026 година со прилог:
- Приговараното Решение
- Слика од барањето за согласност за приклучување

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Видно од доставената документација е дека не постојат технички услови за приклучување имајќи предвид дека се работи за големо растојание од објектот до приклучната трафостаница во подрачје за кое не постои урбанистичко-планска документација, односно пресметката за реализација на техничко решение би била економски неоправдана.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–241/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**